# Соопштение за медиуми

Прекршувањето на човековите/женските права во изборните процеси - феноменот на семејно гласање и гласање во име на друг

,, Мојот глас моја одлука,,

Скопје, 9.02.2009

Почитувани,

ЖГИ АНТИКО е интеретничка , граѓанска иницијатива формирана од активистки од женското мировно движење на Р.Македонија. Таа се залага за афирмација на човековите/женските права, живот без насилство , како во рамките на семејството така и во јавниот и политичкиот живот.

АНТИКО , нееднаквоста помеѓу родовите ја третира како една од главните пречки за развојот на демократијата, мирот и стабилноста во локални и глобални рамки.

Во овој контекст и сите наши заложби се фокусирани кон тоа женските права да бидат третирани како политички прашања и составен дел на сите политички агенди.

Поаѓајки од овој аспект, АНТИКО догорочно делува во унапредувањето на изборните демократски процеси особено во делот на формирањето на политичка и гласачка култура со посебен фокус на женското гласачко тело.

Прекршувањето на човековите/женските права во областа на изборните процеси и неможноста на дел од граѓаните/ките да донесат самојстојни и непосредни политички одлуки, во континуитет длабоко не загрижува.

Треба посебно да се истакне дека прекршувањето на правото за слободен и непосреден избор, повеќе ги погодува поранливите и помаргинализираните групи , како што се жените од руралните средини, особено тие од малцинските групи и националностите, кои во принцип знаат да бидат двојно и тројно дискриминирани.

Семејното гласање и гласање во име на друг, е феномене кој стана видлив по независноста на Р. Македонија, таа секогаш беше актуелна, но во различни периоди со различен интензитет. Прашањето на семејното гласање и гласањево име на друг, стана особено присутен по 2000-та година. Оваа негативна и антидемократска појава во континуитет овозможува да се прекршуваат основните човекови права на една категорија на граѓани/ки

Семејното - групното гласање и гласање во име на друг, преставува една отворена закана за тајноста, непосредноста и индивидуалноста на гласот.

Таа истовремено преставува и едно од најтешките облици на кршењето на основните човекови/женски права, а и меѓународните документи и постоечката законска легислативе во нашата земја.



Women’s Civic Initiative ANTICO| Address: Tale Hristov Lamela 1 Lokal 9; 1000 Skopje, Macedonia | phone/++ 389 (0)2 2614 641 fax/++389(0)2 2 60 11 12 | e-mail: antico@t-home.mk
www.antiko.org.mk

Но, за жал досегашното искуство покажува дека за овој комплексен проблем повеке зборуваат и превземаат акции меѓународните мисии и невладинот сектор, додека другите актери во заедницата, кои даваат придонес за појавувањето на овој проблем , или се тие кои имаат обврска да превземат мерки за искоренувањето на оваа појава - или не го препознаваат или го минимизираат и одбиваат да го третираат како еден многу тежок облик на прекршувањето на човековите /женските права.

Токму ова е и една од причините ЖГИ Антико, догорочно работи на оваа проблематика. Таа до сега делуваше во 2 насоки:

- Да даде јавност - а и истовремено да ги сензибилизира релевантните актери во заедницата, а и пошироката јавност за постоењето на проблемот
- Антико проблемот го третираше од таканаречениот ,,женскиот агол,, односно од аспекет на давање на придонес за искоренување преку одвестување, едукација, потикнување и јакнење на женскиот идентитет и моќ, за активно учество во донесување на сомостојни политички одлуки и партиципација

Така да само во период од 2002-2004, ЖГИ Антико, преку едукација ,,врата до врата,, успеа да воспостави директна интеракција со 58.087 жени од 188 рурални средини.кои имаа право на глас ( за што поседуваме и база на податоци)

Преку примена на оваа методологија на работа и остварување на директни контакти во семејен амбиент со жени од различни етничко потекло, степен на образование и со различни економско - социални услови во кои живееат тие, дојдовме до заклучок дека проблемот сепак е многу комплексен и не е доволно само делување во една насока. Нашите сознанија за причините на оваа појава беа загрижувачки и даваа простор за размислување дека фокусот треба да се насочии и кон другите актери и фактори во нашето општество .

За ова имаме зборувано и презентирано во повеке настани и конференции (а и во конференцијата организирано од ДИК И УНДП минатата година)

За вистинското искоренување на овој проблем и остварување на одржливи резултати сметавме дека треба да се направи една квалитетна, стручна и сеопфатна анализа кои ќе ги опфати сите аспекти на третирањето на проблемот.

Ова сознание го добивме од догогодишното искуство на ЖГИ Антико и нејзината НВО мрежа. За наше задоволство, идентични беа и сознанијата и целите на Центарот за истражување и креирање политики., и минатата година работевме заедно за нејзино остварување.

Со поддршка на УНДП ,, го реализираме проектот ,, Мојот глас- моја одлука,,во чии рамки се реализираат повеке активности. Една меѓу нив широката кампања која минатата недела заедно ја промовиравме ( 29-01-2009) во Тетово, која е составена од 2 целини :


Women's Civic Initiative ANTICO| Address: Tale Hristov Lamela 1 Lokal 9; 1000 Skopje, Macedonia | phone/++ 389 (0)2 2614 641 fax/++389(0)2 2 60 11 12 | e-mail: antico@t-home.mk
www.antiko.org.mk

Кампања со пристап ,,врата до врата,, преку делење на промотивни едукативни и информативни материјали во средините каде проблемот е догорочно евидентиран , а и медиумска кампања која има широк дострел во изборните единици 1, 3 ,6,.
Оваа кампања се реализира и благодарение на медиумските партнери : ТВ Алсат-М , ТВ ЕРА; ТВ КОХА Тетово и Гостивар ТВШутел- Скопје и дневниот весник Коха и неделникот ,,Монитор,,

Една од многу значајните активности во рамките на проектот .. Мојот глас моја одлука,, е и сеопфатната анализа кој го третира феноменот на семејното гласање за што е печатена и публикација која денес ке биде промовирана- презентирана.

Тоа што сакаме посебно да истакнаме е дека во реализацијата на оваа истажување односно во една од активностите на овој проект, беше и организирање работилници со 14 фокус групи, каде за прв пат учествуваа и мажи. Овај факт дополнително не охрабрува и ни дава надеж дека сепак анализата ке даде голем придонес за искоренувањето на проблемот на семејното гласање и гласање во име на друг , се надеваме дека во блиска иднина на крај проблемот ќе добие свој позитивен епилог .

За анализата, методологијата и довиените резултати и поопширен осврт ке даде Мр- Сања Костовска од Центар за истражување и креирање на политики.

Со почит
Ѓунер Небиу
Женска граѓанска иницијатива АНТИКО


Women's Civic Initiative ANTICO| Address: Tale Hristov Lamela 1 Lokal 9; 1000 Skopje, Macedonia | phone/++ 389 (0)2 2614 641 fax/++389(0)2 2 60 11 12 | e-mail: antico@t-home.mk
www.antiko.org.mk